**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
***Одделение за урбанизам***

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10– 815/2 од 30.08.2021 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 62 став (10), од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник” на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за спроведување на јавен увид на

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW НА ДЕЛ ОД КП.бр.2215 И КП.бр.2216 КО ДОБРЕВО, ОПШТИНА ПРОБИШТИП

**Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на дел од КП.бр.2215 и КП.бр.2216, КО Добрево, Општина Пробиштип, изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. со Тех.Број 27-06/21 од Јули 2021.**

### Член 2

Границата на конкретниот проектен опфат се наоѓа јужно од с.Добрево, во близина нарегионален пат Р1309 делница Лесново- Пробиштип (врска со Р1205) и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. Пристапот е обезбеден од постојниот земјен пат од северната страна на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се:

- На **североисток** се движи по дел од границата со КП.бр.2219,скршнува во лево и продолжува по дел од КП.бр.2218, КО Добрево
- На **југоисток** се движи по границите со КП.бр.2213, КО Добрево
- На **југозапад** се движи по дел од границата со КП.бр.2211, КО Добрево
- На **северозапад** се движи по делови на границата на КП 2910 и на постојниот пат на КП 2911, ја заобиколува и продолжува по границата со КП.бр.2217 и повторно по дел од КП.бр.2291, КО Добрево.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
***Одделение за урбанизам***

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува П=**1.50 ха**.

Површината на планскиот опфат е неизградено земјиште.

Во границите на планскиот опфат планирани се градежни парцели со следните основни класи на намена:

**-Е-Градби од нискоградбата - инфраструктури**:

- **Е1.13**- Површински соларни и фотоволтаични електрани;
- **Е1-8-** Инфраструктура за пренос на електрична енергија-Трансформаторски станици;

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

Во рамки на градежната парцела,планирани се вкупно 25 површини за градење,од кои 24 пвршини за градење во рамки на кои е планирано поставување на фотоволтаичните модули како и 1 површина за градење за трафостаница.

## ЈАВНИОТ УВИД

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на дел од КП.бр.2215 и КП.бр.2216 КО Добрево, Општина Пробиштип**, изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Тех.Број 27-06/21 од Јули 2021 година, ќе трае **15** (петнаесет) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената ***web*** страна на општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, во периодот од **03.09.2021 год.** до **17.09.2021 год.**, за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска,диа

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Date: 2021.08.31 11:52:16 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски,дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2021.08.31 12:15:07 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2021.09.01 08:17:41 +02'00'